Бр. 12-811/7
11-02-2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 26-та седница одржана на ден 07.02.2020 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот со број 12 - 811 од 2019 година, оформен по пријава доставена од непознат подносител, број 12 - 811/1 од 26.02.2019 година, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот 12 - 811 од 2019 година, во предметниот случај не се потврдени предметните наводи и променета е фактичката состојба.

Предметот со број 12 - 811 од 2019 година, оформен по пријавата број 12 - 811/1 од 26.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето..

Образложение

Предметот со број 12 - 811 од 2019 година е оформен по пријава доставена од непознат подносител – група сенатори, број 12 - 811/1 од 26.02.2019 година.

Добиената пријава содржи наводи за неправилно и нелегитимно работење на Универзитетскиот сенат во јавната установа Универзитет „-------- -------" Скопје, по однос на учество на нелегитимни членови во работата на Сенатот и донесување на одлуки од страна на членови кои биле со истечен мандат, а што било одобрено од страна на ректорот на Универзитетот.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид предметните наводи и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави две барања до Ректорската управа на универзитет „-------- -------" Скопје за доставување на податоци и информации во врска со предметните наводи. До Државната комисија доставени се известувања во кои се дадени појаснувања во врска со начинот на избор на членовите на Универзитетскиот сенат и во врска со важноста на мандатот на постојните членови – сенатори кои активно учествуваат


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

во работата на Универзитетскиот сенат, а кои продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое биле избрани. Во конкретниот случај, избор на нови членови на Универзитетскиот сенат од редот на студентите, кои требало да бидат избрани од страна на Студентското собрание, не можел да се изврши, поради тоа што не биле спроведени студентските избори и Студентското собрание не било се уште конституирано, а исто така и поради чекање за добивање на потребната согласност на Статутот на универзитетот, со кој се уредувал начинот на изборот на членовите на универзитетското студентско собрание, а кој се уште се наоѓал во собраниска процедура. Од тие причини мандатот на постојните сенатори - студенти им продолжил до изборот на нови членови на Универзитетскиот сенат во постапки согласно актите на Универзитетот. Со разрешувањето на наведените прашања, по спроведените постапки за избор и по барање за верификација на мандатите доставено од Студентскиот парламент, од страна на Универзитетскиот совет ќе била извршена верификација на мандатите на ново избраните членови а ќе им престанел мандатот на претходните членови.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот не се потврдени предметните наводи а воедно променета е и фактичката состојба, по што, оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 07 февруари 2020година под бр. 12- 811/7**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk